СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 44. седница**
**29.5.2019 година**
**Точка на дневен ред бр.8**

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

## за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, мај 2019 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 44. седница одржана на ден 29.5.2019 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Се УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола, со што остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година во износ од 34.429.723,00 денари ја распоредува како што следува:

- 34.429.723,00 денари се распоредува во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.________________

Битола, 29.5.2019 година

**Стопанска банка а.д. Битола**
Собрание на акционери
претседавач

___________________________

**Образложение**
**кон Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола**

Стопанска банка а.д. Битола во согласност со законските прописи изготви Годишна сметка за 2018 година, при што утврди бруто-добивка во износ од 38.913.268,00 денари, од која, по одбивањето на данокот на добивка во износ од 4.483.545,00 денари, нето-добивката изнесува 34.429.723,00 денари.

Распоредувањето и употребата на добивката се вршат во согласност со членовите 18 и 22 од Статутот на Банката и членовите 36, 483, 485 и 487 од Законот за трговските друштва.

Во согласност со споменатите членови, нето-добивката во износ од 34.429.723,00 денари се предлага да се распореди во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите, која не може да се искористи за исплата на дивиденда, а може да се искористи за покривање загуба или за зголемување на основната главнина со запишување акции.

Надзорниот одбор на својата редовна седница одржана на 21.4.2019 година ја одобри Предлог-одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2018 година на Стопанска банка а.д. Битола

Имајќи го предвид изнесеното, се предлага Собранието на Банката да ја усвои предложената Одлука.

НО бр. 02-7676/1/II.1-5

Битола, 22.4.2019 година

**Надзорен одбор на**
**Стопанска банка а.д. Битола**
претседател
г. Ненад Јосифовиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4